# Референдум за Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес

Австралијците доаѓаат од многу земји, практикуваат многу вери и зборуваат многу јазици. Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес се Првите народи на Австралија и живееле тука повеќе од 65.000 години. Но, Уставот на Австралија не го признава нивниот единствен статус. Затоа подоцна годинава, на референдум, ќе можеме да ја разгледаме можноста за промена во нашиот Устав. Сите Австралијанци ќе имаат можност да ги признаат Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес во нашиот Устав преку Гласот, што ќе обезбеди тие да бидат слушнати за прашања што ги засегаат.

## Што е Изјавата од Улуру од срце?

Во мај 2017 година, повеќе од 250 Абориџини и Островјани од Теснецот Торес ја објавија Изјавата од Улуру од срце. Во неа од нас се бара создавање на подобра иднина за цела Австралија и вклучување на Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес во австралискиот Устав.

## Што е Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес?

Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес е начин на кој Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес би ја советувале Владата за законите и политиките кои се однесуваат на нив.

## Што е референдум?

Референдум е кога од гласачите се бара да одговорат со „Да“ или „Не“ на некое прашање или прашања. Единствениот начин за промени во Уставот на Австралија е преку референдум.

## Кој може да гласа на референдум?

На референдум може да гласаат само лицата запишани во гласачкиот список. Гласањето на референдуми е задолжително за регистрираните гласачи.

## Како се гласа на референдум?

Референдумите се како избори. На денот на гласањето, може да отидете на гласачко место и да гласате на гласачко ливче.

## Како се добива резултатот на референдум?

За референдум да успее, потребно е двојно мнозинство. Тоа значи мнозинство гласови во најмалку четири држави и во цела Австралија.

## Кога ќе се одржи референдумот за Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес?

Референдумот за Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес ќе се одржи подоцна годинава.



Одобрила Tabatha Feher, Life Without Barriers, L6, 107 Pitt St, Sydney, NSW.

## Кое прашање ќе биде поставено на референдумот за Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес?

„Предложен закон: промена на Уставот заради признавање на Првите народи на Австралија со воведување на Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес. Дали ја одобрувате оваа предложена промена?“

## Кој го состави овој информативен лист?

Овој информативен лист го составија со заеднички напор Life Without Barriers, Reconciliation Australia, SNAICC – National Voice for our children, Yes Alliance и Polaron Language Services. Ова партнерство е формирано како помош за создавање достапни информации за Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес.

**повеќе**
**информации**
www.lwb.org.au



Одобрила Tabatha Feher, Life Without Barriers, L6, 107 Pitt St, Sydney, NSW.